54472

Вторник, 13 јули 2004

20 ВРЕМЕ kultura@vreme.com.mk

136

ЛИКОВНОТО ДВИЖЕЊЕ НА ОТПОРОТ

# Уметност без портрет на Сталин

**Во творештвото за НОБ се размислувало ликовно, а не ропски и патетично, вели проф. д-р Борис Петковски, историчар на уметноста**



„Кафе Утопија" (1992) на Александар Станковски



„Фашистичка парада" (1945) на Цицо Поповиќ.

Јасна Франговска

Без класичните социјалреалистички карактеристики, без умилкување на вкусот на актуелните политичари и со изразит модернистички приод како резултат на индивидуалните трагања - тоа се основните обележја на уметноста во Македонија, посветена на НОБ и револуцијата, оценува проф. д-р Борис Петковски, автор на изложбата на оваа тема, до неодамна отворена во МАНУ. Пласирана без многу публицитет, оваа изложба поставена во чест на 60-годишнината од Првото заседание на АСНОМ, укажува на еден општествен период, сега изложен на силни критики, во кој креативноста не мирувала и не се покорувала на колективниот вкус.

- Се размислувало ликовно, а не ропски и патетично. Сликите од оваа изложба покажуваат дека нашите уметници академски одлично сликале и успевале да ја задржат критичката нота во своето творештво - вели проф. д-р Борис Петковски, кој посвети неколкумесечен труд за да ги пронајде сите потребни дела по домовите на сликарите, по семејните колекции и во музејските збирки.

Во оваа изложба, која не го доби вистинското внимание во јавноста, беа поставени 73 дела од сите ликовни дисциплини и техники, обединети тематски со антифашистичката борба.

- Сето тоа идеолошки и емотивно ангажирано ликовно творештво е значаен документ на нашата вграденост во судбоносните светски настани од минатото столетие. Македонските творци во своите најуспешни остварувања, во кои е жигосан фашизмот, се застапуваа за победата на демократијата во светот и за слободата на уметноста од каков и да е вид на нејзиното потиснување - вели Петковски.

Во оваа изложба, на пример, еден до друг стојат сликите „Кафе Утопија" (1992) на Александар Станковски, на која е прикажан Хитлер со Мики Маус, и карикираната верзија на Фирерот во безмислосната „Фашистичка парада" (1945) на Цицо Поповиќ. На постановката имаше дела од основоположниците на современата ликовна уметност: Пандилов, Мартиноски, Личеноски, Димо Тодоровски, од бележитата генерација на Мазев, Кондовски, Грабул, Митриќевски и помлади автори како Станковски.

- Постои уште една бележита карактеристика кај ова сликарство. Монументалните споменици, кои се изградени по војната, се создадени во изразит индивидуалистички манир. Нашите сликари во монументалната уметност работеле исто како и во штафелајната. Погледнете ги спомениците на Чемерски и на Мазев - исти како и нивните слики. Зашто уметникот сам избирал како ќе работи. Не дозволувал притисоци и сугестии - вели Петковски.

Постои еден интересен куриозитет во врска со ова творештво.

- Во македонската уметност нема ниту еден портрет на Сталин. Замислете, во тоа време на идолопоклонство, кога дури и Пикасо има нацртано неколку портрети на советскиот лидер во цртеж, кај нас - Сталин го нема! - вели проф. д-р Петковски.

За него оваа изложба, како што вели, беше уште еден показател дека Македонија, ликовно, била и е во Европа.